Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-618/5
27-12-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-618/1 од 17.9.2024 година, поднесена од [redacted], против Јавно сообраќајно претпријатие- Скопје и Град Скопје, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност и боја на кожа во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно со член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 13.12.2024 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност и боја на кожа во областа на пристап до добра и услуги сторено од страна на ЈСП-Скопје кон жителите на град Скопје од ромска етничка припадност.

## Образложение

На 17.9.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] против Јавно сообраќајно претпријатие- Скопје (“**ЈСП-Скопје**”) и Град Скопје, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност и боја на кожа во областа на пристап до добра и услуги.

Подносителите наведуваат дека претставката е иницирана од и во име на жителите на Општина Шуто Оризари, а во врска со долгогодишен проблем со кој се соочуваат- ограничен пристап до градскиот јавен превоз на релација Општина Шуто Оризари-Општина Карпош и Центар. Посочуваат на видео објавено на социјалната мрежа Facebook од страна на револтиран граѓанин од Шуто Оризари, на кое може да се види како возач на ЈСП-Скопје спие додека жителите на населбата чекаат да се качат во автобус на редовната линија број 20, на последната постојка во населбата.

Наведуваат дека според жителите на Шуто Оризари, дополнителен проблем е автобуската линија број 19 која сообраќа на релација Карпош 4-Шуто Оризари и редовно не застанува на постојките, особено на критичната автобуска постојка кај главната пошта. Возачите, при забележување на патници кои чекаат, ги одминувале без да застанат, особено во периодот од 15 до 17 часот кога жителите се враќаат од работа. Истакнуваат дека ваквиот проблем ги принудува жителите да користат такси, иако имаат месечни автобуски карти.

Жителите сметаат дека ова е директна дискриминација врз основа на нивната етничка припадност и боја на кожа, бидејќи ваквото нееднакво постапување се случува само во нивната населба, додека останатите делови на Скопје имаат редовен автобуски превоз. Иако Општина Шуто Оризари и пред овој проблем била слабо поврзана со градот, наведуваат дека сегашната ситуација дополнително го влошува проблемот.

Исто така, подносителите укажуваат дека Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 22.7.2021 година утврдила директна дискриминација врз основа на етничка припадност и боја на кожа од страна на ЈСП-Скопје, поради тоа што во февруари 2020

година, лицето С.У. и неговата мајка (двајцата од ромска етничка припадност), и покрај тоа што имале годишен билет, биле малтретирани и избркани од автобус поради нивната етничка припадност. Дополнително се повикуваат на друг случај, каде Комисијата на ден 2.9.2021 година утврдила дека ЈСП-Скопје извршило директна интерсекциска дискриминација врз жена и нејзините две малолетни деца врз основа на раса, боја на кожа и социјално потекло.

Подносителите истакнуваат дека ваквите дејствија претставуваат понижувачко постапување кое има за цел да го повреди достоинството на одредена група граѓани- Ромите, што е спротивно на член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 4.10.2024 година испрати Известување бр. 08-618/2 за произнесување по наводите од претставката до ЈСП-Скопје. Видно од поштенската повратница, Известувањето било уредно доставено до ЈСП-Скопје на ден 7.10.2024 година.

На ден 21.11.2024 година, [redacted] претставник од [redacted], достави информација на електронската адреса на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација дека ситуацијата со јавниот превоз во Шуто Оризари продолжила да се влошува, а жителите на општината биле целосно отсечени од јавен превоз. Дополнително информира дека жителите на Шуто Оризари најавиле протест пред канцеларијата на градоначалничката на Град Скопје-Данела Арсовска на ден 22.11. 2024 година, барајќи итно решение за овој проблем. Исто така, приватните превозници престанале да вршат услуги поради неплатени обврски од страна на градоначалничката, а автобусите на линиите 19 и 20 престанале да функционираат.

Бидејќи до моментот на носење на ова мислење, и по истек на законскиот рок, не беше пристигнат одговор на наводите од претставката од страна на ЈСП-Скопје, Комисијата при носењето на ова мислење ги ценеше единствено наводите изнесени во претставката.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:

Согласно со истакнатите наводи, жителите на Општина Шуто Оризари се соочуваат со ограничен пристап до градскиот јавен превоз. Имено, станува збор за линиите бр. 19 и 20, кои сообраќаат на релација Шуто Оризари-Карпош 4 и Шуто Оризари-Транспортен Центар. Една од ситуациите се однесувала на возач на ЈСП-Скопје кој спиел додека жителите чекале да се качат во автобус бр. 20, на последната постојка во Шуто Оризари. Дополнителен проблем е што линијата бр. 19 редовно не застанувала на постојките, особено на автобуската постојка кај главната пошта, бидејќи возачите ги одминувале патниците на постојката без да застанат, особено во периодот од 15 до 17 часот.

Согласно со **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, *„дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите“.*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:

*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа."*

Во оваа насока, пристапот до јавен превоз е важна алатка за социјална и економска инклузија, а неговото отсуство ја зајакнува маргинализацијата на Ромите.
За ромските заедници, особено оние кои живеат во поодалечени области во градот Скопје, недостатокот на пристап до сигурен и редовен јавен превоз значи ограничена мобилност. Неможноста за пристап до јавен превоз значи дека Ромите се соочуваат со бариери во исполнувањето на основните права, како што се образованието и вработувањето, што претставува форма на дискриминација врз основа на нивната етничка припадност и социо-економски статус. Во оваа смисла, ако Ромите не можат да патуваат на училиште или на работа, тие се исклучени од основните општествени придобивки, со што се продлабочува нивната маргинализација.
Оттука, решавањето на овие бариери е од суштинско значење за остварување на принципот на еднаквост.

Земајќи го предвид горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот.

Оттука, согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, а со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## ПРЕПОРАКА

1. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Јавното сообраќајно претпријатие да обезбеди редовен и соодветен јавен превоз на жителите од Шуто Оризари.

2. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Јавното сообраќајно претпријатие да ги прекине дискриминаторските практики утврдени во мислењето.

Доколку ЈСП-Скопје не постапи согласно оваа препорака во рок од 3 месеци, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
27.12.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
- ЈСП-Скопје, бул. Александар Македонски бр. 10, 1000 Скопје